

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) деновиве ја објави публикацијата „ **Потенцијалот на Македонија за вклучување во развојна соработка: моментална состојба** “, подготвена од Симона Огненовска. Публикацијата ги истражува предизвиците на Владата и граѓанските организации кои треба да бидат надминати на патот на европските интеграции на Македонија.

Иако од сегашна перспектива изгледа далечно, сепак, Македонија како членка на ЕУ ќе премине од земја-примател во земја донатор. На овој начин, таа ќе придонесе за глобалниот развој преку финанска и нефинансиска помош. Но, до тогаш, треба да се работи на подготовката на земјата за оваа задача. Македонија досега нема постигнато напредок кон законско усогласување и структура за развојни политики, а недостасува и вклученост на граѓанското општество на ова поле.

МЦМС е посветен на оваа проблематика уште од 2006 година. Во оваа насока е и издавањето на оваа публикација која можете да ја најдете на веб страната, во одделот за истражувања.

Публикацијата е подготвена во рамки на регионалниот проект „ **Подготовка за развојна помош** ”, кој МЦМС го спроведува на национално ниво. Регионален координатор на проектот е Хоризонт3000 и БЦСДН, а партнери од ЕУ земји се СЛОГА од Словенија, Понтис фондацијата од Словачка и КРОСОЛ од Хрватска и Конкорд.